# ПОСТАПКА
# ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА ПРИ РАБОТА

- Во случај на несреќа при работа, кога за последица има повреден работник , на истиот веднаш укажи му прва помош;
- Доколку повредата е од посериозен карактер ВЕДНАШ повикај ја Градската лекарска екипа за брза помош на телефон 194;
- При повикот на градската екипа за брза помош кажи го точно погонот и местото на кое се наоѓа повредениот работник и истовремено извести ја дежурната служба за обезбедување на телефон 80-36 или 80-76 при што да се нагласи точно погонот и работната едница т.е. местото каде е настаната повредата, за да ја спроведе брзата помош до местото на кое се наоѓа повредениот работник;

o **НАПОМЕНА:** По згрижувањето на повредениот работник раководниот работник од работната единица во која се случила несреќата должен е:

  - **ВЕДНАШ** извести ја Р.Е. Заштита екологија и осигурување на телефоните: **70-54** или **70-58**, или на мобилен телефон **070/264-297** ако повредата се случила во погон Челичарница, односно на **078/ 492-634** за повреда настаната во погон ВДЛ ;
  - Настанатата повреда или несреќа при работа евидентирај ја во сменската книга во ГИИС системот;
  - Пополни го образецот **МС-ЗП-ЗЕО-07** - Пријава за повреден работник;
  - Прибави изјави од двајца очевидци за настанатата повреда или несреќа при работа;
  - Пријавата со пополнетиот образец и изјавите од двајца очевидци **ВЕДНАШ** достави ги до Р.Е. Заштита Екологија и Осигурување.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Во работа | 18.12.2018 | Инж. за безбедност **Жарко Манев** | Инж. за безбедност **Александар Костевски** | Директор за заштита, екологија и осигурување **Владо Кочоски** |
| | | | Ж. Манев | [signature] | [signature] |
| **Ревизија** | **Статус** | **Датум** | **Изработил** | **Проверил** | **Одобрил** |



Scanned by CamScanner

## ПОСТАПКА ПРИ АКТИВНОСТИ СО ЗГОЛЕМЕНА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР

- **СЕКОГАШ** одржувај ги пристапните патишта чисти и проодни со цел брзо и непречено пристигнување на местото;
- Активностите кои се поврзани со сечење, заварување, брусење и слични активности кои се пропратени со одлетување на искри и други запаливи елементи да се изведуваат на оддалеченост која ќе овозможи сигурна и безбедна работа, односно надвор од дометот на летање на запаливите искри на местата каде постои зголемен ризик за настанување на пожар и спречување на појава на палење на материјалите кои се во непосредна близина;
- Да се превземат мерки за заштита на запаливите материјали од евентуален контакт со продуктите на активноста, односно со искрите и останати вжештени материјали, со покривање со огноотпорни материјали (керамичко платно, лимени табли и сл.);
- Без разлика на запазената оддалеченост од запаливите материјали да се превземат дополнитени мерки:
  - обезбедување доволна количина на противпожарни апарати на местото на работа;
  - поставување на противпожарна стража (дополнитено присуство на вработени кои ќе ја пратат активноста и навремено ќе реагираат);
  - повикување на дежурство на ПП - единица;
  - обезбедување на други средства и опрема за гасење на пожар;
- После завршување на активностите, задолжително да се следи состојбата на просторот каде се изведувала активноста од аспект на евентуална појава на пожар.

## ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

Доколку во текот на работењето дојде до појава на пожар постапи на следниот начин:

- Со расположивите преносни ПП - апарати веднаш отпочни со гасење и локализирање на пожарот;
- Истовремено повикај ја професионалната ПП единица при РЖ Услуги АД Скопје на телефон **03** или **85-85** или на моб.тел. **070-387-693** при што да се нагласи точно погонот и работната едница т.е. местото каде е настанат пожарот;
- Доколку има потреба од расчистување на теренот веднаш ангажирај дополнителни средства за расчистување на истиот;
- Настанатиот пожар евидентирај го во сменската книга во ГИИС системот;
- Активираните ПП апарати врати ги на предвиденото место каде се поставени;
- За активираните ПП апарати извести ја Р.Е. Заштита, екологија и осигурување, за да организира нивно сервисирање и полнење.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Во работа | 18.12.2018 | Инж. за безбедност **Жарко Манев** | Инж. за безбедност **Александар Костевски** | Директор за заштита, екологија и осигурување **Владо Кочоски** |
| | | | Ж. Манев | | |
| **Ревизија** | **Статус** | **Датум** | **Изработил** | **Проверил** | **Одобрил** |



Scanned by CamScanner